# 111. С́нце се слага да зајде

(Тработивиште, Делчевско)




- Дека ќе с'нце да зајде?
- Тамо на равна равнина,
на равнината два бора,
под борје седат терзии,
бели ми саи кроеја,
златни ми узди лееја.
Терзии велат говорат:
- Сите ми моми дојдоа,
Драгана нема да дојде,
са(ј)ата да ѝскроиме!
Таман си дума думаја,
ете Драгана де иде,
за рака води братанче,
под мишка носи саата,
и на терзии говори:
--Терзии, бели гражџање,
саата да ми скроите,
без мера да ја мерите,
без ножи да ја кроите,
без игла да ја шиете!
Терзии велат говорат:
--Драгано, моме јубава,
да месиш бела погача,
без сито да го отсејеш,
без вода да ја замесиш,
без огин да ја испечеш!
Еле е пусто момјаче,
па ѝе Госпот помогнал:
Подуна тиок ветерец,
отсејало е брашното,
зароси ситна росица,
замесила е погача,
огреја јасно с'нце,
испекла е погача!

АИФ м.л. 1401, с. Тработивиште, Делчевско; пее група пеачки од истото село; снимил Димитар Узунски (1969); дешифрирала и мелографирала Родна Величковска; се пее попладне.